# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007 и 8/2007), во членот 11 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Политичката партија е должна пред истекот на секои четири години од денот на регистрацијата да достави до основниот суд од членот 17 став (2) на овој закон поединечно дадени потписи заверени пред нотар со број на потписи потребни за основање на политичката партија."

Во ставот (4) бројот "45" се заменува со бројот "90".

**Член 2**

Во членот 13 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи: "(2) Потписите за основање на политичка партија се даваат со изјава пред нотар."

**Член 3**

Во членот 17 став (2) зборовите: "во Битола, Тетово, Скопје II - Скопје, Струмица и Штип, за подрачјето на основните судови" се бришат.

Во ставот (4) зборовите: "како и образецот за давање на потписи за основање и членување во политичка партија кои се објавуваат" се заменуваат со зборовите: "кој се објавува".

Ставот (5) се брише.

**Член 4**

Во членот 18 став (2) алинејата 3 се менува и гласи: "- изјава за основање;".

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за политичките партии.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".